Универзитет "СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ"
ФИЛОЗОФСКИ ФАКУЛТЕТ
СКОПЈЕ
Примено: 14-03-2019
| Орг. Един. | Број: | Прилог: | Вредност: |
|---|---|---|---|
| 08 | 901/3 | | |

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

УП1 бр. 14-170
12.03.2019 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08 167/10 и 51/11), врз основа на член 145 став 6 и член 211 став 1 и 3 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/18), а во врска со член 104 став 2 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 35/08, 103/08, 26/09, 83/09, 99/09, 115/10, 17/11, 51/11, 123/12, 15/13, 24/13,41/13, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15 145/16, 154/15, 30/16, 120/16 и 127/16), Министерот за образование и наука донесе

Р Е Ш Е Н И Е
за почеток со работа на студиската програма од втор циклус магистерски студии по Менаџмент на човечки ресурси во општествени дејности на Филозофскиот факултет, при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје

1. Со ова решение се утврдува дека се исполнети условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на магистерски студии по Менаџмент на човечки ресурси во општествени дејности на Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје.
2. Ова решение влегува во сила со денот на донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, се обрати со барање бр. 09-19/2 од 15.01.2019 година, до Министерството за образование и наука, под наш УП1 бр. 14-170 од 21.01.2019 година, за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус на магистерски студии по Менаџмент на човечки ресурси во општествени дејности на Филозофскиот факултет, единица во состав, по добиената акредитација под Решение бр. 1409-227/3 од 30.12.2018 година, издадена од страна на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование.

Министерството за образование и наука, со Решение УП1 бр. 14-170 од 01.02.2019 година, формира Комисија за утврдување на исполнетоста на условите за почеток со работа на студиската програма од втор циклус студии по Менаџмент на човечки ресурси во општествени дејности.

Комисијата на ден 27.02.2019 година, изврши увид и изготви Извештај УП1 бр. 14-170 од 04.03.2019 година, каде е наведено дека за студиската програма од втор циклус на магистерски студии по Менаџмент на човечки ресурси во општествени дејности на Филозофскиот факултет во Скопје, единица во состав на Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ од Скопје, се исполнети условите согласно одредбите утврдени со Законот за високото образование и Уредбата за нормативи и стандарди за

основање на високообразовни установи и за вршење на високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 103/10, 168/10 и 10/11).

Имајќи го во предвид изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение, може да се заведе управен спор, со поднесување на тужба до Управниот суд на Република Македонија, во рок од 30 дена од денот на приемот на ова решение.

МИНИСТЕР,
Dr. Arbër Ademi

Доставено до:
Архива

изработил: Нухи Ајдини
контролирал: Снежана Лузевска
одобрил: Dr.Agim Rushiti